# III. Надворешно-трговски и девизни движења во Република Македонија

## Основни индикатори за надворешно-трговските и девизните движења

## 3.1. Надворешно-трговска размена[6]

***Стоковната размена со странство во април 2003 година бележи месечен пад, при намалување на извозот...***

Обемот на стоковната размена на Република Македонија со странство во април 2003 година забележа месечно намалување од 11,8% и изнесуваше 300,1 милион САД долари. Притоа, извозот се намали за 2,2% на месечно ниво и изнесуваше 117,3 милиони САД долари, додека увозот забележа поинтензивен пад од 17,0% и изнесуваше 182,9 милиони САД долари. Месечниот пад на извозот е детерминиран од намалениот пласман на облека и текстил (20,9%) и железо и челик (5,5%). Анализирано според сектори и отсеци[7] во април 2003 година највисоко учество во извозот на Република Македонија имаат облеката (26,0%) и железото и челикот (19,5%). Месечното намалување на увозот се должи на понискиот увоз на минерални горива за 46,2%, пред се заради високата споредбена основа (висок увоз на минерални горива во претходниот месец заради очекуваниот пораст на цената на нафтата на светските берзи поради воениот напад врз Ирак). Така, увозот на нафта и производи од нафта сочинува 10,7% од вкупниот увоз во април, што е за 4,7 процентни поени помалку во однос на претходниот месец. Воедно, намалување бележи и увозот на текстил за доработка (8,3%) и увозот на железо и челик за доработка (20,1%). Дефицитот на трговскиот биланс изнесуваше 65,6 милиони САД долари и на месечна основа забележа намалување за 34,6%.

***...и значително поинтензивен пад на увозот на стоки***

На годишно споредбено ниво (април 2003 / април 2002 година) вкупната надворешно-трговска размена на Република Македонија бележи пораст од 25,2%, при пораст на извозот и увозот од 32,1% и 21,2%, соодветно. Дефицитот во размената забележа пораст од 5,5% на годишна основа.

Графикон 22
Извоз, увоз и салдо на надворешно-трговската размена
(во милиони САД долари)

***Во првите четири месеци од 2003 година е регистриран пораст на извозот од 23,7% и на увозот од 20,0%***

Во периодот јануари-април 2003 година надворешно-трговската размена на Република Македонија достигна 1.124,1 милион САД долари, што претставува кумулативен пораст од 21,3% во однос на истиот период 2002 година. Притоа, кај извозот е евидентирано зголемување од 23,7%, при истовремен пораст на увозот од 20,0%, кои достигнаа вредност од 411,0 милиони САД долари и 713,1 милион САД долари, соодветно. Подобрената производствена активност на челичната индустрија во првите четири

[6] Претходни податоци на Државниот завод за статистика на Република Македонија. Извозот на стоки е прикажан на ф.о.б. основа, додека увозот на стоки е прикажан на ц.и.ф. основа.
[7] Поделбата на одделни производи според сектори и отсеци е извршена согласно системот на меѓународната трговска класификација.

месеци од 2003 година резултираше со зголемена извозна активност на оваа индустриска гранка. Така во анализираниот период, регистриран е пораст на извозот на железо и челик од 75,7%. Од друга страна, извозот на облека и текстил бележи зголемување од 29,9%, меѓутоа, фактот дека се извезуваат главно доработки укажува на слабо примарно производство на текстилната индустрија. Следствено, во структурата на увозот во анализираниот период преовладуваат железото и челикот за доработка (пораст од 56,5% споредено со истиот период од претходната година) и текстил за доработка (пораст од 32,8%). Притоа, 49,9% од вкупниот извоз на Република Македонија во периодот јануари-април 2003 година е заснован на принцип на доработка (48,7% во истиот период 2002 година), додека во структурата на увозот учеството на доработките изнесува 20,3% (за 2,0 процентни поени повеќе од минатата година, при што во вкупниот увоз на доработки железото и челикот учествуваат со 82,3%). Покриеноста на увозот со извоз во периодот јануари-април 2003 година изнесува 57,6% (55,9% во истиот период претходната година).

***Европската Унија - доминантна групација на земји во стоковната размена на Република Македонија***

Во периодот јануари-април 2003 година 55,9% од вкупно извезените стоки беа пласирани во Европската Унија (ЕУ), додека 46,0% од вкупно увезените стоки во Република Македонија потекнуваат од оваа интеграција. Притоа, во набљудуваниот период 38,7% од извозот кон ЕУ е реализиран со Германија (42,0% во истиот период минатата година), додека Грција со учество од 22,8% бележи пораст од 4,9 процентни поени во структурата на македонскиот извоз кон ЕУ. Во рамки на размената со Републиките од поранешна СФРЈ, извозот кон Србија и Црна Гора учествува со 68,6% во вкупниот извоз кон овој регион (намалување од 3,3 процентни поени споредено со истиот период од 2002 година). Извозот кон Хрватска (учество од 19,4% во вкупниот извоз кон поранешните југословенски републики) бележи структурен пораст од 3,2 процентни поени. Извозот кон Бугарија со учество од 45,0% од извозот кон Земјите од Источна Европа регистрираше структурно зголемување од 7,5 процентни поени во анализираниот период.

На увозната страна, увозот од Европската Унија бележи структурен пораст од 4,7 процентни поени на кумулативна основа, главно заради високиот пораст на увозот од Грција (учество од 39,4% во вкупниот увоз на Република Македонија од ЕУ, што претставува пораст од 12,5 процентни поени во однос на истиот период од минатата година). И покрај зголемениот увоз од Германија, неговото учество во увозот од ЕУ е сведено на 27,3% (31,3% во истиот период 2002 година). Во истиот анализиран период зголемен е увозот од сите поранешни југословенски републики. Притоа, највисоко структурно учество во увозот од оваа групација на земји има Србија и Црна Гора со 53,3% (учество од 51,9% во истиот период минатата година). Увозот од Бугарија претставува 43,9% од увозот од источно-европските земји (пораст од 9,2 процентни поени во споредба со истиот период минатата година).

Графикон 23
Стоковна размена на Република Македонија според групации на земји, I-IV.2003 година

Извоз Увоз



**Формално членство на Република Македонија во СТО**

На 4-ти април 2003 година Република Македонија и официјално стана 146-та земја членка на Светската трговска организација (СТО). Со пристапувањето кон оваа меѓународна организација во октомври 2002 година, започна процесот на усогласување на законската регулатива со стандардите на СТО. Во овие рамки, Собранието на Република Македонија го донесе новиот Закон за царинска тарифа, кој стапи на сила од 8 април 2003 година. Со овој Закон и со донесените подзаконски акти се утврдуваат правилата за начинот на пресметка на царинските давачки, царинската номенклатура, правилата за распределба на стоки по тарифни броеви и подброеви, како и висината на царинските стапки кои ќе се применуваат при увозот на стоки во 2003 година. Владата на Република Македонија во согласност со преземените обврски од Протоколот за пристапување кон СТО, ќе ја усогласува Царинската тарифа за наредната година најдоцна до 30 ноември во тековната година.

Со новиот Закон за царинска тарифа, просечното царинско оптоварување е намалено од досегашните 15% на 8%. Маргините на царинските стапки по одделни групи на производи изнесуваат:
- масла добиени од нафта: 20%;
- лекови наменети за малопродажба: 13%. Во период од 5 години оваа стапка ќе се намали до 5%;
- кожни производи од 10%-13%, а финални производи од кожа и крзно од 13%-25%;
- за производи од дрво, царинската стапка во период од 5 години ќе се намали до 18%, а за мебелот во периодот од 3 години ќе се намали до 12%;
- за производи од хартија и картон царинската стапка во период од 5 години, ќе се намали до 10%;
- предивата од памук и волна се заштитени со царинска стапка од 10%. Царинската стапка за ткаенините изнесува 30%, при што во периодот од 5 години таа ќе се намали до 20%. Царинската стапка за конфекцијата останува 35%, но во наредните 5 години треба да се намали до 25%, а по 2010 ќе изнесува 17,5%;
- неметалите се заштитени со царинска стапка од 15%-20%;
- производите од железо, челик и од обоени метали (за кои постои барање за 0%), се заштитени со царинска стапка од 15%-20% во наредните 3 до 5 години. Оваа стапка во период од 5 години ќе се намали од 5%-8%;

- сите репроматеријали што не се произведуваат во земјата, а се користат во хемиската, кожната, дрвната индустрија и во индустријата за преработка на хартија се ослободени од царински давачки.

Царинските давачки определени со овој Закон се применуваат за стоки со потекло од земјите членки на СТО, земјите со кои Република Македонија има склучено договори во кои е содржана клаузулата за најповластена нација или со земјите кои оваа клаузула ја применуваат на стоката со потекло од Република Македонија. За стоките со потекло од земјите со кои Република Македонија има склучено договори за преференцијални трговски режими, се применуваат царинските давачки определени со тие договори. За стока со потекло од сите други земји, се применуваат давачки што се за 70% повисоки од царинските давачки определени со овој Закон, а за стоката за која е определена царинска давачка "слободно" се применува давачка од 30%.

Извор: Закон за царинска тарифа (Службен весник на РМ бр. 23/2003 и Билтен на Стопанската комора на Македонија.